Бр./Nr 12-1901/2

24-11-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на второто продолжение на 55та седница одржана на 18.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1901/1 од 14.05.2021 година, во која се изразува незадоволство Одлука на Собрание на РСМ да го донесе Законот за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување..

Предметот со број 12-1901/1 од 14.05.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 14.05.2021 година, поднесена е пријава во која се изразува незадоволство Одлука на Собрание на РСМ да го донесе Законот за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти и оформен е предмет број 12-1901/1 од 14.05.2021 година.

Во пријавата, подносителот пријавува за според него скандалозната одлука на Собранието на РСМ да го усвои Законот за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, кој е штетен за заштитените подрачја, конкретно националните паркови. Според пријавителот со ова законско решение сакаат да ги уништат постоечките заштитени подрачја или пак да им го уништат статусот на заштитено подрачје.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. По однос на темата на ден 25 Мај 2021 година, во

организација на ДКСК одржана е Јавна дебата на тема "Уредување на правниот статус на бесправно изградените објекти". Поводот и потребата за реализирање на истата произлезе од донесувањето на Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, со цел од дискусијата на јавната дебата да бидат извлечени заклучни согледувања кои понатаму ќе бидат доставени до надлежните институции.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М -Виш соработник
Одобрил: СПД – Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**